**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за Служба во Армијата на Република Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 мај 2019 година.

Бр. 08-2883/1
16 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16), во членот 38 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, за цивилен персонал на служба во Армијата без објавување на јавен оглас, може да се прими професионален војник на кого службата во Армијата му престанала поради навршување на 45 години возраст, доколку ги исполнува посебните услови утврдени во актот за формација на Армијата.“.

Ставот (3) станува став (4).

Член 2

По членот 40-б се додава нов член 40-в, кој гласи:

„Член 40-в

(1) Лица кои имаат посебни специјалности од особено значење за Армијата, а се преземени од страна на друг орган на државната и локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон, може да засноваат работен однос на неопределено време со Министерството за одбрана без објавување на јавен оглас, со спогодба за преземање.

(2) Лицата од ставот 1 на овој член се распоредуваат на формациските места согласно со актите за формацијата на Армијата, во чин и звање со кои се стекнале пред преземањето, а согласно со стекнатата посебна специјалност.“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHËRBIM NË ARMATËN E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

Neni 1

Në Ligjin për shërbim në Armatën e Republikës së Maqedonisë („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë“ numër 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 dhe 71/16), në nenin 38 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Me përjashtim të paragrafit (1) të këtij neni, për personel civil në shërbim në Armatë pa shpallje të konkursit publik, mund të pranohet ushtar profesional të cilit shërbimi në Armatë i është ndërprerë për shkak të mbushjes së 45 vjetëve, nëse i plotëson kushtet e posaçme të përcaktuara në aktin për formacion të Armatës.".

Paragrafi (3) bëhet paragraf (4).

Neni 2

Pas nenit 40-b shtohet nen i ri 40-v, si vijon:

„40-v

(1) Personat të cilët kanë specialitete të veçanta me rëndësi të veçantë për Armatën, ndërsa janë marrë nga organ tjetër i pushtetit shtetëror dhe lokal dhe organet tjera shtetërore të themeluara në pajtim me Kushtetutën dhe me ligj, mund të themelojnë marrëdhënie pune në kohë të pacaktuar me Ministrinë e Mbrojtjes pa shpallje të konkursit publik, me marrëveshje për marrje.

(2) Personat nga paragrafi 1 i këtij neni sistemohen në vendet e formacionit në pajtim me aktet për formacion të Armatës, në gradë dhe titull me të cilin janë pajisur para marrjes, e në pajtim me specialitetin e veçantë të fituar.".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**1265.**

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат